РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 29-3698/15
06.09 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 62 и член 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23) и член 23 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општината Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/14, 02/18 и 03/19 градоначалникот на Општина Крива Паланка го дава следното

**СООПШТЕНИЕ**
**За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на подземен 10(20)кв кабел од приклучна точка 1 до трафостаница, К.О.Градец, Општина Крива Паланка**

Изработката на **Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на подземен 10(20)кв кабел од приклучна точка 1 до трафостаница, К.О.Градец, Општина Крива Паланка** ќе се одвива во рамките на следниот опфат:

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на подземен 10(20)кв кабел од приклучна точка 1 до трафостаница, К.О.Градец, Општина Крива Паланка, **е со површина од** 2388.4м површина од 1910.2м² **(0.19ха)** и претставува земјиште на кое ќе има оформување на коридор за поставување на подземен кабелски вод од трафостаница до приклучна точка, со што ќе се постави подземен електричен вод за поврзување на фотоволтаична електрана со постојна трафостаница на ЕВН, се движи по делови од повеќе катастарски парцели, К.О.Градец и К.О.Крива Паланка, Општина Крива Паланка.
Границите на проектниот опфат за Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на подземен 10(20)кв кабел од приклучна точка 1 до трафостаница, К.О.Градец, Општина Крива Паланка, се претставени описно со координатите по X и Y на секоја прекршна точка, означени со редни броеви од Т1 до Т322 и истите се дадени во табеларен приказ, а исто така претставуваат и почетната и крајната точка на кабелскиот вод.
За проектниот опфат предвидено е каблирање со нисконапонски 10(20)кв кабелски вод. Почетокот на кабелскиот вод се наоѓа каде што се точките со координати Т1 и Т322 на КП.Бр.3843, додека пак крајот на кабелскиот вод се наоѓа каде што се точките со координати Т164 и Т165 на КП.Бр.5716, К.О.Градец, Општина Крива Паланка.

Проектна документација се изработува по прифатена иницијатива за изработка на урбанистичка документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Крива Паланка.

Јавниот увид на УУрбанистички проект за инфраструктура за поставување на подземен 10(20)кв кабел од приклучна точка 1 до трафостаница, К.О.Градец, Општина Крива Паланка ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјална службена веб страна на Општина Крива Паланка : **www.krivapalanka.gov.mk**

**Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението, започнувајќи од 06.09.2023 година заклучно до 26.09.2023 година.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Пристигнатите забелешки ги разгледува Комисијата за урбанизам во Општина Крива Паланка која составува записник со образложение за прифаќање и неприфаќање на забелешките, што се објавува на службена веб страна и му се испраќа на изработувачот на урбанистичкиот проект за да ги вгради во планско-проектната документација.

**Изготвил-Одобрил:**
**Раководител,**
**диа Маја Костадиновска**

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

**www.krivapalanka.gov.mk**